**КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Macedonia Canoe Federation**

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА КАЈАКАРСКИТЕ КЛУБОВИ И НИВНИТЕ ЧЛЕНОВИ

Скопје , Октомври 2019 година

Врз основа на член 23 и член 38 од Статутот на Кајакарската Федерација на Македонија,Собранието на Кајакарската Федерација на Македонија на седницата одржана на 20.10. 2019 година,го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К
## За регистрација на кајакарски клубови и нивните членови во Кајакарската Федерација на Македонија

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите и начинот на регистрирање на кајакарските клубови и поединечните членови, преминот на натпреварувачите од еден во друг клуб, обештетувањата, висината на годишната членарина на клубовите и таксата за регистрирање, жалбената постапка, матичната евиденција и натпреварувачка легитимација.

Член 2

Целта на регистрацијата на клубовите и натпреварувачите е да се обезбеди точна евиденција и се регулираат правата за настап на, кои ги организира Кајакарската Федерација на Македонија (во натамошниот текст-КФМ), Балканската Кајакарска Федерација, Европската Кајакарска Федерација и Светската Кајакарска Федерација.

Член 3

Со извршената регистрација во КФМ, кајакарските клубови и кајакарите се со сите права и обврски кои произлегуваат од Статутот и актите на КФМ, ЕКА и ИЦФ.

Член 4

Само регистриран клуб и кајакар имаат право да учествуват на натпревари кои се во организација на КФМ, ЕКА и ИЦФ.

По исклучок можат да настапат нерегистрирани натпреварувачи под услови што ги определува КФМ ако манифестацијата има пропаганден карактер.

Регистрираните натпреварувачи се должни да ги почитуваат прописите на КФМ, ЕКА и ИЦФ.

Член 5

За регистрација и пререгистрација во КФМ, клубовите плаќаат годишна члаланарина за тековната година во износ од 3 000 денари најдоцна до 1 Март за тековната година.

Клубовите кои немаат платено чланарина заклучно со предвидениот рок го губат правото на настап во националниот систем на натпревари за тековната година.

Член 6

Регистрирање на клубовите и натпреварувачите и евидентирање на Договорите меѓу клубовите и натпреваруваите, врши Регистрационата комисија (во натамошниот текст Комисија) формирана од Собранието на КФМ.

Член 7

Натпреварувачката сезона во кајак на диви води во Македонија трае од **1 јануари до 31 декември,** а преодниот рок трае **од 1 ноември - 31 декември.**

## 2.РЕГИСТРАЦИЈА НА КЛУБОВИ И НИВНИ ЧЛЕНОВИ

### 2.1 Регистрација на клубовите

Член 8

За зачленување во КФМ, кајакарските клубови поднесуваат:

А) Барање за зачленување во КФМ;

Б) Решение од Централен Регистар на РМ.

В) Статут на клубот;

Г)Записник од основачкото Собрание;

Д) Доказ дека се иполнети предвидените услови со Член 10 од Законот за Спорт

Ѓ) Лични податоци за Претседателот и Генералниот Секретар на клубот;

Е) Решение од Агенцијата за млади и спорт;

Ж) Пријава за регистрација на најмалку 3 кајакари;

З) Доказ за располагање со 3 пловни објекти со комплетна опрема;

С) Изјава од клубот во кој комитет ќе членува

- Доколку клубот сака може да даде изјава за промена на комитетот во кој членува. Изјавата за промена на комитетот клубот мора да ја даде во преоден рок една година однапред. ( Примр: преоден рок Ноември-Декември 2018 година, за натпреварувачката сезона 2020 година)

Член 9

Комисијата, по прегледот на сите документи и исполнетост на условите,во рок од 15 дена дава свое мислење до Извршниот одбор за прием на клубот во КФМ.

Извршниот одбор на својата прва седница го става на дневен ред предлогот и донесува Одлука за прием на клубот како Привремен член.

Собранието на КФМ на својата прва седница, го поставува на дневен ред приемот на клубот во КФМ и ја верификува одлуката на Извршен одбор со што клубот и официјално се прима во КФМ како Редовен член.

Член 10

Клубот што има статус на привремен член ги има истите права како и редовните членови, освен право на глас и избор на неговите членови во органите на КФМ.

Член 11

Секоја промена во поглед на промена на седиштето на клубот или спортските работници во управните органи на клубот или други промени, клубот е должен да ги пријави во КФМ во рок од 30 дена од настанатите промени. За дата на почеток на овој рок се смета дата на издавање на решението од ЦР на РМ со настанатите промени.

Член 12

Доколку клубот во предвидениот рок не ги достави настанатите промени истиот го губи правото на настап во националниот систем на натпревари до крајот на тековната година.

Постигнатите резултати до периодот на промените се прифаќаат за офцијални, а сите постигнати резултати по истекот на рокот за пријавувањето на настанатите промени се поништуваат и клубот до крајот на тековната натпреварувачка сезона нема да се бодува.

Натпреварувачите од клубот кој го изгубил правото на настап поради не навремена пријава за настанатите промени, ќе имаат парво за настап вон конкуренција на Државни првенства во текот сезоната со цел истите да не го изгубат својот континуитет на натпревари но нема да носат бодови за клубот.

Доколку натпреварувачот  во моментот ги има исполнето нормите да биде член на националната селекција истиот останува дел од репрезентацијата со цел

КФМ да биде претставувана од страна на најдобрите кајакари на меѓународната сцена.

Доколку клубот го изгуби правото за настап во националниот систем на натпревари поради ненавремена пријава за настанатите промени , натпреварувачите остануваат дел од КФМ и имаат право на настап на изборните натпревари за државната репрезентација.

Член 13

Членувањето на кајакарскиот клуб во КФМ може да престане:

- На барање на клубот за истапување од членство на КФМ,за што е потребно да поднесе барање и одлука за истапување донесена од Собранието на клубот;
- Со Одлука на Собранието на КФМ за исклучување од членство заради непочитување на нормативните акти на КФМ;
- Со бришење од евиденција заради немање спортски активности во КФМ од најмалку две последователни години;
- Заради спојување со друг кајакарски клуб кој е уредно зачленет во КФМ. Во овој случај членовите на клубот кој не се сложуваат да преминат во другиот клуб,имаат право да се регистрираат и да настапат веднаш,за било кој друг кајакарски клуб,кој веќе е уредно регистриран во КФМ.Во случај на престнок со работа,клубот е должен во рок од 15 дена да ја извести КФМ за новонастанатата промена и бришење од регистарот на КФМ.

## 2.2.Регистрација на натпреварувачи - кајакари

Член 14

Секое лице државјанин на Република Македонија може да се пријави и регистрира за клуб. Кајакар-натпреварувач кој е регистриран во еден, нема право да настапува за друг клуб.

Натпреварувачите може да настапат на натпревар во организација на КФМ само ако се уредно регистрирани за одреден кајакарски клуб за соодветната натпреварувачка сезона.

Натпреварувачот стекнува право за настап на натпреварување во организација на КФМ, веднаш по извршената регистрација. Натпреварувач кој е уредно регистриран може да настапи и на натпревари во другиот комитет но без право на бодување во екипен пласман.

Странски државјанин или без државјанство со исправна документација, можат да се регистрираат за клуб. Регистрацијата се врши во согласност со овој Правилник и правилата на ИЦФ и ЕКА и доказ од Националната Федерација од каде доаѓа дека не членува во ниеден клуб. Странски државјанин, не може да учествува на Поединечно државно првенство. Лице без државјанство со сталeн боравок во Македонија ги има истите права како и државјанин на Македонија.

## 2.3.Прва регистрација

Член 15

За прва регистрација матичниот клуб ги поднесува следните документи:

- Барање од клубот за регистрација со образец;
- Согласност од натпреварувачот дадена со своерачен потпис во пријавата;
- Извод од матичната книга,лична карта или пасош (фотокопија);
- Две фотографии кои не се постари од 12 месеци.

За малолетните натпреварувачи согласноста ја потпишува еден од неговите родители или старател.

Доколку помеѓу натпреварувачот и клубот постои Договор,истиот се потпиешува во три примероци, од кој еден се поднесува и заверува во КФМ. Ако таков Договор постои, а не е поднесен во КФМ, без оглед што е потпишан ќе се смета за не важен.

Регистрацијата на натпреварувач кој се регистрира за прв пат се врши во текот на целата натпреварувачка сезона,со право на настап веднаш по извршената регистрација.

Документите со барањето за регистрација се доставуват до Комисијата за регистрација на КФМ.

## 2.4. Пререгистрација на натпреварувачи-кајакари

Член 16

Регистрирање на натпреварувач кој во претходната сезона бил регистриран, може да се направи само во преодниот рок. Со барањето за пререгистрација на кајакарите пред секоја натпреварувачка сезона се поднесува:

- Пријава за регистрација
- список на кајакарите за кои се бара регистрација и
- Натпреварувачките легитимации на кајакарите од списокот.

Член 17

Регистрацијата на кајакарите се продолжува секоја година.
Кајакар кој нема извршено пререгистрација за календарската година и натаму е член на матичниот клуб, но без право на настап на натпревари.

## 2.5.Поминување на кајакар од еден во друг кајакарски клуб

Член 18

Премин на кајакар од клуб во клуб се врши по однапред доставено барање до Комисијата во периодот од 1 ноември до 31 декември.
Барањето се состои од:

- Барање за регистрирање од клубот;
- Пријава заверене од клубот;
- Изјава од кајакарот дека доброволно преоѓа во другиот клуб,потврден со своерачен потпис;
- Исписница или доказ дека е побарана исписница од клубот за кој бил регистриран;
- Доказ за извршена уплата за обештетување во колку има потпиешан и заверен Договор во КФМ или уплата за обештетување според предвидените критериуми за кајакари кои немат немаат потпишано договор со клубот. За малолетни кајакари кои го менуваат клубот,мора да има писмена согласност и од клубот за кој претходно настапувал и еден од родителите или старател.
- Една фотографија која не е постара од 12 месеци.

Член 19

Исписницата со податоци на барателот треба да биде заверена со печат и потпис од извршниот орган на клубот.Важноста на исписницата е само за време на преодниот рок од тековната година.

На барањето на исписница,клубот е должен да одговори позитивно или негативно во рок од 8 дена од приемот на барањето.Во случај клубот да го одбие издавањето исписница,а кајакарот смета дека одбивањето е неправилно, тој може да се обрати до Комисијата која одлучува дали причините за издавање исписница се оправдани или не.

Во случај да клубот не одговори во пропишаниот рок на барањето за исписница, Ќе се смета дека е согласен за давање исписница.

Барањето за исписница се поднесува со препорачано писмо,или непосредно до клубот со регистриран датум на приемот.

Барањето за премин се поднесува до Комисијата за време од 1 ноември до 31 декември најдоцна до 12,00 часот,лично,или со препорачана поШта.

Член 20

Овластениот преставник на кајакарскиот клуб должен е во пријавата за регистрација да внесе точни податоци и со својот потпис и печат на клубот да потврди дека кајакарот своерачно и во негово присуство потпшал.

Доколку се утврди дека податоците за кајакарот не се точни,против клубот или неговото овластено лице се покренува дисциплинска постапка.

На кајакар кој даде согласност и ја потпиешал пријавата за регистрирање во некој клуб,а во меѓувреме до регистрирањето потпие друга пријава за регистрирање во друг клуб,втората пријава е неважечка а против него ќе се поведе дисциплинска постапка.

Член 21

Дисциплинската казна изречена од клубот после барањето за исписница,нема да влијае врз постапката за нејзино издавање.

Клубот е должен во рок од 8 дена писмено да ја извести КФМ за секоја изречена дисциплинска казна и во тој случај кајакарот го губи правото за премин во друг клуб се до истекот на траењето на казната.

Член 22

Кајакар во никој случај не може во истата натпреварувачка сезона да настапи за два кајакарски клуба.

Член 23

Натпреварувач може да премине во друг клуб и надвор од преодниот рок ако клубот во кој членувал престане со работа, односно е избришан од Централен Регистар на РМ.

Член 24

За кајакар кој се наоѓа на отслужување на воениот рок важат прописите на АРМ. За тоа време може да настапи за својот клуб на натпревари и поединечните прванства во колку има уредна дозвола од АРМ.Одговорноста паЃа на клубот за кој настапува.

Член 25

Клуб кој учествува на меѓународно клупско натпреварување со кајакар од друг клуб, истиот може да настапува само со писмено одобрење на клубот за кој е регистриран.

Член 26

Клубот и кајакарот може да склучат Договор со кој ги регулираат меЃусебните права и обврски,а посебно прашањата за времетраењето на регистрацијата за клубот, условите за натпреварувачот, обештетувањето при раскинување на Договорот,поради предвремен премин во друг клуб..) и др.

Договорот се склучува најмалку за 1 година,а најповеЌе на 4 години исклучиво за време преодниот рок.

Еден примерок од Договорот задолжително се доставува до КФМ на заверка и евиденција.

Во случај на спор во врска со обештетувањето,висината ја определува ИзврШниот одбор на КФМ.

Член 27

Ако натпреварувачот и кајакарскиот клуб немат склучено договор, при промена на клуб, ќе се применува плаќање на обештетување според овој правилник.

Висината на износот на обештетување се пресметува според бројот на години (сезони) кои кајакарот претходно ги поминал во еден или повеќе клубови. ( примр: 1 година 100 евра, 5 години*100 евра = 500 евра)

Кајакарот ќе може да се регистрира за клубот во кој преоѓа,откако ќе биде уплатена предвидената сума за обештетување.

Кајакарот и клубот може да постигнат договор и за помал износ за обештетување или за премин во друг клуб без обештетување.

Член 28

Кајакар почетник нема право на премин во друг клуб без согласност од клубот во кој предходно членувал и согласност од еден од родителите до навршување на 18 години.

Член 29

Обврската за плаќање на обештетување не постои ако кајакарскиот клуб во кој кајакарот членува престане да постои.

Член 30

Одлука за извршена регистрација донесува Комисијата на состанок.
Комисијата ги разгледува само комплетните барања.
Комисијата ја задржува пријавата за документација во КФМ,заверена,а натпреварувачката легитимација му се доставува на клубот кој ги поднел документите.

## 3.ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ

Член 31

На секое извршено регистрирање до Комисијата може да биде поднесен приговор или жалба (жалба од прв степен).

Жалбата може да ја поднесе клуб или поединец ако не е почитуван Правилникот или
другите акти на КФМ,а посебно ако:

А)Наведени се неточни податоци во пријавата;

Б)Истовремено поднесе изјава и пристапница за членство во друг клуб;

В)Не ги исполни сите обврски кон матичниот клуб;

Г)Постојат и други оправдани причини.

Приговор од прв степен се доставува до Регистрационата комисија во рок од
8 дена по објавување на извршената регистрација.

Приговор примен вон тој рок ќе се смета за застарен.

Комисијата на ваков приговор или жалба е должна да донесе одлука во рок од 8 дена.
Ако приговорот е основан регистрацијата ќе биде поништена.

Во случај на не измирени материјални средства на кајакарот према поранешниот клуб, Комисијата ќе го задолжи во рок од 3 дена да ги подмири обврските,во спро-тивно ќе ја поништи регистрацијата.

На одлуката на Комисијата(првостепена) може да се поднесе жалба до Извршниот одбор на КФМ. Рок за поднесување жалба од втор степен е 15 дена од приемот на првостепената одлука.

Извршниот одбор на КФМ е должен на првата наредна седица да расправа по жалбата и писимено да го извести подносителот за исходот од одлуката на Извршниот одбор и она е конечна.

## 4.НАТПРЕВАРУВАЧКА ЛЕГИТИМАЦИЈА

Член 32

Натпреварувачката легитимација ќе се смета за уредна доколку во неа се содржат сите потребни податоци:

- слика заверена со печат на органот кој ја издал легитимацијата
- заверка на регистрација за тековната година
- извршен лекарски преглед во тековната година

Член 33

Натпреварувачката легитимација е документ со кој се потврдува дека натпреварувачот е регистриран во КФМ за одреден кајакарски клуб и правото на настап на натпреварувачот-кајакарот.

Член 34

Пред секој натпревар се врши контрола на натпреварувачките легитимации, за да се утврди да на натпреварот учесниците се регистрирани за таа година.

## 5.МЕЃУСЕБНИ ОБВРСКИ КЛУБ-КАЈАКАР

Член 35

Меѓусебните права и обврски помеќу клубот и кајакарот се регулираат со Договор кој се потпишува од кајакарот и овластениот преставник на клубот. Договорот може да се склучи на 1(една) до 2(две) години,со исклучок на младинци кога преминуваат во сениорска конкуренција кога договорот се склучува на 4(четири) години.

Со кајакари помлади од 16 години,може да се склучи Договор колку трае кајакарското усовршување и толку ќе остане во наредниот период.

Договорот се потпиешува за време на преодниот рок, а за почетници може одма при зачленувањето во клубот.

Еден примерок од договорот задолжително се доставува до КФМ

## 6.МАТИЧНА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 36

Комисијата води евиденција за зачленетите кајакарски клубови и поединци во матичната евиденција.Таа се состои од:

-Регистар на клубови;

-Регистар на членови;

-Пријава;

-Натпреварувачка легитимација.

По завршување на преодниот рок КФМ издава билтен за извршените регистрации.

## 7.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 37

Толкување на спорни одредби на Правилникот дава Комисијата во прв степен,а во втор степен Извршниот одбор на КФМ.

Измени и дополнување на правилникот се дозволени на ист начин како и постапката за неговото донесување.

Член 38

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

КАЈАКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Претседател,
Коста Ефтимов